**ШЕСТА ТОЧКА**. Се премина кон разгледување на шестата точка, Предлог-одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Предлог-одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2022 година на Стопанска банка а.д. Битола.--------------------------------

Предлог-одлука за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2022 година на Стопанска банка а.д. Битола е објавена на веб страната на Банката и на интернет страницата на Македонската берза и беа достапни во хартиена форма во просториите на Банката.---------------------

Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред друг никој не се јави за дискусија,председавачот предложи да се премине кон гласање на шестата точка од деневниот ред .-----------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека акционерите со 264.824 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,ја донесоја следната------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**------------------------------------------- О Д Л У К А ------------------------------------------**
**-------------------за употреба и распоредување на оствaената добивка----------------**
**----------------------по Годишната сметка за 2022 година-------------------------------**
**-----------------------------на Стопанска Банка а.д. Битола---------------------------------**

**Член 1**

Се УСВОЈУВА Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка по Годишната сметка за 2022 година на Стопанска Банка а.д. Битола, со што остварената добивка по Годишната сметка за 2022 година во износ од 29.945.264,00 денари се распоредува како што следува:

- 29.945.264,00 денари се распоредува во акумулирана добивка ограничена за распределба на акционерите.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за поддршка и финансии да ја реализира Одлуката.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила на денот на усвојување од страна на Собранието на акционери

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**СЕДМА ТОЧКА**. Се премина кон разгледување на седмата точка, Предлог-одлука за избор на Предлог -одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола која се чита.-----------------------------------------------
Предлог -одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола е објавена на веб страната на Банката и на интернет страницата на Македонската берза и беа достапни во хартиена форма воп просториите на Банката.------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот ги извести присутните дека Банката на ден 08.03.2023 година поднесе барање до НБРСМ за издавање согласност за предметните измени и дополнувања н а Статутот.НБРСМ на ден 10.04.2023 година издаде Решение за претходна согласност на измените и дополнувањата на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола ,ПТ.Бр.15-7156/4 од 10.04.2023 година и истиот напомена дека за донесување на оваа одлука потребно е 50 % плус една акција односно со мнозинство гласови од вкупниот број на акции со право на глас од вкупно издадените акции од Стопанска банка а.д. Битола односно од 390514 акционери со право на глас (обични акции)-----------------------------------------------------------
Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред друг никој не се јави за дискусија и предлог одлуката ја стави на гласање по оваа точка ја стави на гласање .-------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека акционерите со 264.824 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,ја донесоја следната-------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

**--------------------------------------О Д Л У К А-------------------------------------------**
**—----------за усвојување на измената и дополнување на Статутот-------------------**
**------------------------- на Стопанска банка а.д. Битола-----------------------------------**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година.

**Член 2**

**Се врши измена на член 41 став 3, така што по зборот:„сектори“ се дополнува зборот: „дирекции“, и член 41 став 3 ќе гласи:**

„Организациони делови кои може да се формираат во Банката се: сектори, дирекции, служби и други.“

**Член 3**

**Се врши измена на член 67 став 1, така што зборот: „седум“ се заменува со зборот: „пет“, и член 67 став 1 ќе гласи:**

„Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат пет члена, од кои два се независни членови.“

**Член 4**

**Се врши измена на член 69 став 5 точка 21, така што зборовите: „лицето/службата“ се заменуваат со зборот: „Дирекцијата“ и член 69 став 5 точка 21 ќе гласи:**

„21) ги разгледува извештаите на Дирекцијата за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;“

**Член 5**

**Се врши измена на член 71 став 1, така што зборот: „четири“ се заменува со зборот: „три“, и член 71 став 1 ќе гласи:**

„ Надзорниот одбор може да работи ако на состанокот се присутни најмалку три члена од кои еден треба да биде независен. “

**Член 6**

**Член 79 став 1 се менува и ќе гласи:**

IОдборот за управување со ризици се состои од 5 (пет) члена, од редот на лицата со посебни права и одговорности вработени во Банката, именувани од Надзорниот одбор на Банката. Членови на Одборот за управување со ризици се:

- Член од Управен одбор во чија надлежност е управувањето со ризици и финансии кој е претседател на одборот, Член од Управен одбор во чија надлежност се операциите и администрацијата на Банката, кој е заменик претседател на одборот, директорот на Секторот за управување со ризици, директорот на Секторот за финансии и директорот на Секторот за правни работи и решавање на проблематични пласмани.“

**Член 7**

**Се врши измена на член 85 став 3, така што зборовите: „Со одлука на Надзорниот одбор“ се бришат и член 85 став 3 ќе гласи:**

„Се врши поделба на надлежностите меѓу членовите на Управниот одбор на Банката по одделни сегменти од работењето на Банката и тоа: “

**Во член 85 став 3 алинеите 1, 2 и 3 се менуваат, и истите ќе гласат:**

- Претседателот на Управниот одбор е надлежен за работењето со физички лица и микро клиенти, работењето со правните лица и маркетинг и развој;
- Еден од членовите на Управниот одбор е надлежен за финансиите, управувањето со ризици, правните работи и решавањето на проблематичните

- пласмани, управувањето со инвестиции и имот, усогласеност со прописите и спречување перење пари и финансирање тероризам;
- Другиот член на Управниот одбор е надлежен за операции и администрација и организација и ИТ.“

**По став 3 се дополнува нов став 4 кој ќе гласи:**

„Претседателот и членовите на Управниот одбор се заеднички надлежни за работењето со човечките ресурси и Кабинетот на Управниот одбор.“

**Досегашните ставови 4,5,6,7,8,9,10,11,12 и 13 од член 85 стануваат 5,6,7,8,9,10,11,12,13 и 14.**

**Член 8**

**Се менува член 86 став 1 точка 6 така што зборот:„Служба“ се заменува со зборот: „Дирекција“, и член 86 став 1 точка 6 ќе гласи:**

„6) именува лице односно организира Дирекција за контрола на усогласеноста на работењето на Банката со прописите;“

**Член 9**

**Во член 101 став 3, зборот: „процесинг“ се заменува со зборовите: „операции и администрација“, и член 101 став 3 ќе гласи:**

„Надзорниот одбор на Банката ги назначува членовите на Одборот за надгледување на информативната технологија. Членови на одборот се: член на Управен одбор во чија надлежност е ИТ како претседател на одборот, директорот на секторот за организација и ИТ, директорот на секторот за операции и администрација, одговорно лице за сигурност на информативниот систем (ОСИС лице) и директор на Секторот за внатрешна ревизија, кој е без право на глас.“

**Член 10**

**Во член 104 во ставовите 1, 4, 5 и 6 зборот: „служба“ се заменува со зборот: „Дирекција“, и во член 104 ставовите 1, 4, 5 и 6 ќе гласат:**

„Контролата на усогласеноста на работењето на Банката со прописите се врши во самостојна организациона единица -Дирекција во која се врши идентификација и следење на ризиците од неусогласеност на работењето на Банката со прописите.

Вработените во Дирекцијата за контрола на усогласеноста на Банката со прописите ги извршуваат овие активности и се самостојни во извршувањето на работите од нивна надлежност.

Вработените во Банката се должни на вработените во Дирекцијата за контрола на усогласеноста на Банката со прописите да им овозможат увид во документацијата со која располагаат и да им ги дадат сите потребни информации.

Дирекцијата за контрола на усогласеноста на Банката со прописите за својата работа поднесува месечен извештај до Управниот одбор и полугодишен извештај до Надзорниот одбор.“

**Член 11**

**Се менува член 113 став 2 и член 113 став 2 ќе гласи:**

„Управниот одбор на Банката со посебна одлука именува овластено лице на Дирекцијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.“

**Во член 113 во став 3 зборот: „Служба“ се заменува со зборот: „Дирекција“ и во член 113 став 3 ќе гласи:**

„Дирекцијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам е должна да презема мерки и дејствија со цел откривање и спречување на перење пари во сите делови од своето работење преку:

- изготвување на политики, процедури, и инструкции за идентификација и анализа на клиенти,
- идентификација и анализа на клиенти,
- следење, собирање и чување на податоци за трансакции,
- соработка со надлежните органи,
- чување како деловна тајна на податоците обезбедени врз основа на постојните законски прописи за спречување на перење пари и
- други мерки и активности за спречување на перење пари предвидени со закон или подзаконски акти.“

**Член 12**

**Член 144 став 1 се менува и ќе гласи:**

„Со утврдување на овој пречистен текст на Статутот престанува да важи пречистениот текст на Статутот, СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година.“

**Член 13**

Останатите одредби на Статутот на Банката остануваат непроменети и во сила.

**Член 14**

Собранието на акционери го овластува Надзорниот одбор на Банката да ја дополни или измени оваа Одлука согласно барање на НБРСМ.

**Член 15**

Собранието на Банката го овластува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот.

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија и усвојување на измените и дополнувањата на Статутот од страна на Собранието на Банката.

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

//////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ОСМА ТОЧКА.** Се премина кон разгледување на осмата точка,Предлог-одлука за избор на Друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола. -----------

Предлог-одлука за избор на Друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола е објавена на веб страната на Банката и на интернет страницата на Македонската берза и беа достапни во хартиена форма во просториите на Банката.---------------------------------------------------------------------------------

Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред друг никој не се јави за дискусија и предлог одлуката ја стави на гласање по оваа точка ја стави на гласање .-----------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека акционерите со 264.824 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,„ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,ја донесоја следната-----------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------

----------------------------------- **О Д Л У К А** --------------------------------------

**---------за избор на друштво за ревизија на Стопанска банка а.д. Битола---------**

**Член 1**

За вршење ревизија на годишните финансиски извештаи на Стопанска банка а.д. Битола за период од 1 (една) година, односно за тековната 2023 година, се избира Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје.

**Член 2**

Се овластува Управниот одбор на Банката да склучи договор со Друштвото за ревизија од член 1 на оваа Одлука со кој ќе се определи обемот на ревизорските услуги и износот на надоместокот за нив во согласност со дадената понуда.

**Член 3**

Износот на средствата за надоместокот за извршените услуги да паднат на товар на трошоците на работењето на Банката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДЕВЕТТА ТОЧКА**. Се премина кон разгледување на деветата точка, Информација за поднесена оставка од член на надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.------------------------------------------------------------------------------

Информацијата за подeнсена оставка од членот на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола ,г-ѓа Алекснадра Радевска е објавена на веб страната на банката и на интернет страната на Македонската берза како и е составен дел од материјалите на Собранието.-------------------------------------------

Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред друг никој не се јави за дискусија и предлог одлуката ја стави на гласање по оваа точка ја стави на гласање .------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека акционерите со 264.824 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,**ја усвоија поднесената оставка од членот на надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола г-ѓа Александра Радевска.**-------------------------------------------------

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ДЕСЕТАТА ТОЧКА**. Се премина кон разгледување на десетата точка, Предлог -одлука со која Одлуката за определување на месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола СО.бр.02-2383/II-13 од 25.03.2015 година се става вон сила.------------------------------------------------------------------------------

Предлог -одлука со која Одлуката за определување на месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола СО.бр.02-2383/II-13 од 25.03.2015 година се става вон сила е објавена на веб страната на Банката и на интернет

страницата на Македонската берза и беа достапни во хартиена форма во просториите на Банката.-------------------------------------------------------------------------
Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред друг никој не се јави за дискусија и предлог одлуката ја стави на гласање по оваа точка ја стави на гласање .---------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот констатира дека акционерите со 264.824 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН ,ја донесоја следната-----------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

**--------------------------------------- О Д Л У К А ---------------------------------------**

**---------со која Одлуката за определување месечна награда и ------------------------**
**------------награда за успешно завршена година на членовите----------------------**
**--------------------на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. -----------------------**
**------------Битола СО бр. 02-2383/II-13 од 25.3.2015 година се става вон сила-----**

**Член 1**

Одлуката за определување месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола СО бр. 02-2383/II-13 од 25.3.2015 **се става вон сила.**

**Член 2**

Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
///////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА**. Се премина кон разгледување на единаесетта точка, Предлог-одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола со прилог:Мислење на Надзорниот одбор на банката кон Предлог-одлуката.----------------------------------------------------------
Предлог-одлука за именување членови на Надзорниот одбор на Стопанска Банка а.д. Битола со прилог:Мислење на Надзорниот одбор на банката кон Предлог-одлуката е објавена на веб страната на Банката и на интернет страницата на Македонската берза и беа достапни во хартиена форма во просториите на Банката.----------------------------------------------------------
**По однос на предметната точка Претседавачот Љупчо Милошевски, истакна дека согласно член 390 од Законот за трговски друштва до Стопанска Банка а.д. Битола, во законски предвидениот рок (8 дена од денот на објавување на јавниот повик) на 5.4.2023 година преку Архивата на Банката пристигна предлог од акционерите Друштво за производство и услуги НЕТ-ЕЛЕКТРОНИКС Владимир ДООЕЛ Скопје и Трајан Масалковски кои заедно поседуваат 6,39% од вкупниот број на акции со право на глас, доставија предлог за номинација на г-дин. М-р Миле Зечевиќ за независен член на Надзорниот одбор на Банката и номинација на г. Борислав Атанасовски за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.----------------------------------**
**Податоците за предложените кандидати за членови на Надзорен одбор на Банката по приемот беа објавени на интернет страната на Македонската берза како и на интернет страната на Банката.-----------------------------------------------**

Председавачот отвори претрес по оваа точка од дневниот ред друг никој не се јави за дискусија и предлог одлуката ја стави на гласање по оваа точка ја стави на гласање .----------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот Љупчо Милошевски предложи да се пристапи кон гласање за првиот предложен кандидат **Миле Зечевиќ** за негово именување за **независен член** на Надзорен Одбор,па претседавачот констатира дека акционерите со 264.824 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН го усвоија предлогот.------------------------------------------------------
Претседавачот Љупчо Милошевски предложи да се пристапи кон гласање за вториот предложен кандидат **Борислав Атанасовски - член** за негово именување за **член** на Надзорен Одбор,па претседавачот констатира дека акционерите со 264.824 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН го усвоија предлогот.------------------------------------------
Претседавачот констатира дека акционерите со 264.824 гласови ЗА што претставуваат 100% од вкупниот број на акции со право на глас претставени на ова собрание,ниту еден ПРОТИВ и ниту еден ВОЗДРЖАН, ја донесоа следната-------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------- О Д Л У К А ------------------------------------**

**—--------------------за именување членови на Надзорен одбор------------------**
**----------------------------на Стопанска банка а.д. Битола--------------------------------**

**Член 1**

За членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именуваат:

- **Миле Зечевиќ - независен член**
- **Борислав Атанасовски - член.**

**Член 2**

На именуваните членови на Надзорниот одбор ќе им се исплаќа месечен нето-износ од 50 000,00 денари, како надоместок за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

На именуваниот член на Надзорниот одбор кој ќе биде избран за Претседател на Надзорниот одбор ќе му се исплаќа месечен нето-износ од 60 000,00 денари како надоместок за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членовите на Надзорниот одбор кои живеат надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола, ќе им се исплатува и надоместок во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

**Член 4**

Пријавата за упис на именуваните членови на Надзорниот одбор во трговскиот регистар ја поднесува Секторот за правни работи и управување со Кабинет на Управен одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Откако се исцрпи дневниот ред, Председавачот, 50-тата седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола ја прогласи за затворена во 13,00 часот .------------------------------------------------------------------

Председавач со Собранието на акционери

с.р.

-------------------------------------------------------

Љупчо Милошевски

////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////
////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////////

Јас Нотар Александра Петровска Ангеловска П О Т В Р Д У В А М дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на собранието ------------------------------------------------------------------------------------

Председавачот со акционерското Собрание го потпиша записникот и списокот на присутни акционери и изјави дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ----------------------------------------------------------------------------------

Овој акт е составен лично од нотарот и се состои од 17 листови на 17 страни.-------------------------------------------------------------------------------------------

Изворникот со придружната документација останува кај нотарот, а Стопанска банка АД Битола добива 4 изводи. ---------------------------------------

Нотарската такса за заверка по тарифен број 28 од Законот за судски такси во врска со чл.158 став 3 од ЗН во износ од 500,00 денари е наплатена Нотарската награда е пресметана во износ од 12.000,00 денари и трошоци 2.040,00 денари, согласно чл.41 и 52 од Нотарска тарифа.----------------------------

**ОДУ бр. 237/23**

Битола 04.05.2023- Четвртти мај две илјади дваесет и трета година-------------

с.р.

-----------------------------------------------

**НОТАР**
**АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на Основниот суд во
НОТАР
АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА
АНГЕЛОВСКА
БИТОЛА

Јас НОТАР, АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА
за подрачјето на Основен суд Битола
(име, презиме и седиште – адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод – потполн – во извадок, кон кого не се приложени – се приложени / преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 237/23

Во Битола 04.01 2023 година НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во Битола НОТАР АЛЕКСАНДРА ПЕТРОВСКА АНГЕЛОВСКА БИТОЛА